АПРЗ е директен учесник во давањето советодавни услуги на терен кај ЗС и нивните здруженија. Советодавната услуга е една од основните дејности на АПРЗ според закон. Капацитетите со кои располагаме даваат добра основа за постојано квалитативно и квантитативно подобрување на советодавната услуга и нејзината конкурентност. АПРЗ веќе работи на имплементација за евидентирање на дадените услуги и евидентирање на добиените резултати од примената на соодветнтие мерки од конкретната услуга. Резултатите од истото може да се проценат со споредбени показатели од базата на податоци во информацискиот систем - софтвер. Најдобри показатели се: едуцирани земјоделски производители, планско производство, поддршка во евидентирање на фарма - сметководство на фарма, информираност на фармерите, имплементација на нови научно-технолошки достигнување на терен итн. АПЗ располага со околу 100 советници кои се во постојан контакт со ЗС. Во системот располагаме со податоци за околу 450 условно репрезентативни фарми - ЗС, што овозможува примена на соодветна анализа, како основа за давање конкретни, навремени и квалитетни совети за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство. Соработката со МЗШВ, мотивираноста за успешна реализација на заедничктие цели, рационалното користење на расположливите ресурси, добра организација и групирање на активности овозможува економична реализација на поставените задачи произлезени од годишната програма. Советодавните услуги квалитетно се надоградуваат, нивната примена се прикажува на терен преку потпрограмите. Оваа програма ги дефинира советодавните услуги и им дава свој ентитет. Потребата од изработка на техничко-економски советодавни пакети (ТЕСП) која е прилагодена на сфаќањето и разбирањето на земјоделските производители бара постојано зголемување на бројноста на дефинираните услуги и нивното вреднување. Согласно севкупните општествени околности во нашата држава, а особено согласно севкупните околности во земјоделскиот сектор, неговите специфики, насоченост и приоритети, потребно е перманентно да постојат следните 6 координативни групи за: сточарство, растително производство, агроекономија, рурален развој, медиуми и родова еднаквост. Институционалната поддршка и вклучувањето на сите даватели на советодавни услуги се поддржува со формирањето на координативното тело за советодавните услуги. Со ова тело треба да се охрабрат партнерите и агенциите во рамките на националниот систем за советодавни услуги во давањето ефикасни и ефектни услуги што се надополнуваат и поткрепуваат едни со други, со цел да се зголеми ефикасноста и продуктивноста на земјделството во РМ.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### АГБИЗ ПРОГРАМА НА УСАИД

**Цел на проектот:** Да им се овозможи на стопанските субјекти во земјоделството да ги идентификуваат, разбираат и одржливо да се пробиваат на извозните пазари за производи со додадена вредност; да се зајакнат пазарните врски меѓу производителите, преработувачите и трговците; да се унапреди управувањето, работењето и конкурентноста на фирмите низ целиот синџир на додадена вредност во агробизнисот; да се остваруваат поголеми приходи за земјоделските производители и преработувачи и да се создаваат можности за нови вработувања.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** Асоцијација за рурален развој АРД Инк.

**Вклучени организации:** МАП (Македонска асоцијација на преработувачите), Германска техничка соработка (ГТЗ), Програма на Швајцарија за промоција на увозот (СИППО), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за економија, Стопанска комора, здруженија, фирми од ланците за вредност: свеж зеленчук и овошје, преработки од зеленчук, вино и самоникнати шумски производи

**Хумани ресурси:** 9 (двакца од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа, претприемачи, фирми од Македонија кои произведуваат, преработуваат, тргуваат и извезуваат свеж зеленчук, овошје, преработки од зеленчук, вино и самоникнати шумски плодови

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации, застапување, изложување на меѓународни саемски манифестации, студиски посети, состаноци „бизнис со бизнис" и изработка на профили на синџирите на додадена вредност кои ги поддржува АгБиз

**Период на спроведување:** март 2007 – март 2011

**Расходи на проектот:** 272.600.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Програмата АгБиз на УСАИД има за цел да го зголеми економскиот раст во Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, што ќе се постигне преку унапредување на способноста на производителите и преработувачите да бидат поконкурентни во регионални и глобални рамки. Од март 2007 до денес, АгБиз соработуваше со над 200 земјоделски фирми во четири синџири на вредност: свеж зеленчук, овошје, преработки од зеленчук и самоникнати видови. Програмата им овозможува на своите клиенти од земјоделскиот сектор да ги идентификуваат, разберат и одржливо да се пробиваат на извозните пазари со производи со додадена вредност, овозможува зајакнување на пазарните врски меѓу производителите, преработувачите и трговците, унапредување на управувањето и работењето, остварување поголеми приходи за земјоделските производители и преработувачи и создавање можности за нови вработувања.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### МЛАДИНСКИ КАМП ПЕЛИСТЕР 2010

**Цел на проектот:**

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Битола

**Носител на проектот:** Движење за околината „Молика"

**Вклучени организации:** Балкан идеја / Сеноис

**Хумани ресурси:** 30 (триесет од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** јули 2007 – јули 2007

**Расходи на проектот:** 250.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Младински камп на ж.п. Пелистер: Франција, Србија и Македонија. Едукација, размена на искуства, осознавање на културата меѓу трите земји; екскурзии до културни споменици во БТ и ОХ; работилници.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ИНТЕРВЕНТНИ МЕРКИ ЗА САНИРАЊЕ ДЕЛ ОД ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Цел на проектот:** Санирање дел од последиците од глобалната економска криза кај загрозените примарни производители на грозје, тутун, сточари и полјоделци

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Источен, Вардарски

**Носител на проектот:** АГБИЗ

**Вклучени организации:** ФИООМ, општина Свети Николе, Конче и Кавадарци

**Хумани ресурси:** 16 (три од нив биле волонтери)

**Целна група:** претприемачи, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови

**Период на спроведување:** декември 2009 – февруари 2010

**Расходи на проектот:** 1.260.000 МКД

**Донатори на проектот:** ЕЛС

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на проектот обезбедени се заштитни средства за лозови насади за 54 земјоделци во општина Кавадарци (за цела година); Вакцини за заштита од болести на стоката за 33 сточари од општина Конче (за 1 година); Основа бел и црн конец и најлон (фолија) за 1 сушарница за тутун за 42 тутунари од општина Конче; Платени придонеси од плати за здравствено и пензиско осигурување на 41 индивидуален и регистриран земјоделец од општина Св. Николе (за 3 месеци).

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДУКАТИВНО - ИНФОРМАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ОД РЕГИОНОТ ОВЧЕ ПОЛЕ. НАБАВКА НА ПЕРСОНАЛНИ КОМПЈУТЕРИ

**Цел на проектот:** Изработка на флаери за владини мерки и други политики за поддршка на земјоделството. Спроведување едукативни работилници.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Вардарски и Источен регион

**Носител на проектот:** Евроцентар

**Вклучени организации:**

**Хумани ресурси:** 11 (десет од нив биле волонтери)

**Целна група:** жени, претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** јануари 2008 – јануари 2009

**Расходи на проектот:** 250.000 МКД

**Донатори на проектот:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Набавени 5 персонални компјутери преку Евроцентар, наменети за информатичко образование на земјоделците од регионот Овче Поле - информатика, технологија, интернет, основи на проектен циклус, редовна информираност. Цел: поттикнување на претприемништвото во земјоделството и руралниот развој преку едукација.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ЦВРСТИОТ ОТПАД - НАША ГРИЖА

**Цел на проектот:** Организирано собирање на цврстиот отпад во руралните средини (селските населби во општина Берово).

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Берово

**Носител на проектот:** ЕД „Брица"

**Вклучени организации:** Општина Берово, ЈПКР Услуга - Берово

**Хумани ресурси:** 5 (еден од нив бил волонтер)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** јули 2007 – декември 2007

**Расходи на проектот:** 152.000 МКД

**Донатори на проектот:** СНВ

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Моменталната состојба во селските населби на општината Берово говори за зголемена количина на цврст отпад - постоење голем број диви депонии и фрлање на цврстиот отпад насекаде низ селските населби. Ваквата состојба е алармантна и бара преземање мерки - организирано собирање на цврстиот отпад. За постигнување на целта предвидени се следните активности: договори за соработка со ЈКПР Услуга и Општина Берово; издавање брошура; организирање работилници во 6 селски населби.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### МАКЕДОНСКИ ТРАДИЦИОНАЛНИ РАКОТВОРБИ - ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНА СРЕДИНА

**Цел на проектот:** Продолжување на традицијата преку зачувување на автентичноста на рачните изработки, промоција на традиционални и новодизајнирани рачно изработени производи со цел развој на руралниот туризам.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Источна Македонија

**Носител на проектот:** Здружение на жени земјоделци „Агро-Винка"

**Вклучени организации:** ДПТУ „Дарија ракотворби" ДООЕЛ

**Хумани ресурси:** 30 (30 од нив биле волонтери)

**Целна група:** жени

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** септември 2009 – март 2010

**Расходи на проектот:** 1.690.054 МКД

**Донатори на проектот:** /

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Подобрување на комуникацијата со еколошко излетничко место „Дабот".

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОВЧАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО СО НАЈСОВРЕМЕНИТЕ ЗООТЕХНИЧКИ МЕРКИ СО СОВРШЕНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА СОЗДАВАЊЕ НОВИ РАСИ НА ОВЦИ

**Цел на проектот:** Зголемени продуктивни односи кај овцата во однос на млеко, месо и волна, зголемена репродукција со што ќе се подобрат финансиските услови на одгледувачите, ќе се подобри руралниот развој на регионот и ќе се зголемат традиционалните придобивки на РМ во квалитетот на животот.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Тетово

**Носител на проектот:** Здружение на одгледувачи на овци – Шарпланинец, Тетово

**Вклучени организации:** општина Тетово, Институт за сточарство

**Хумани ресурси: /**

**Целна група:** хендикеп, невработени, претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** /

**Расходи на проектот: /**

**Донатори на проектот:** /

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот се предвидува подобрување на технологијата на преработка на овчото млеко со примена на пастеризатор за овчо млеко и добивање пастеризирано сирење. Воведување и мелезење на расниот состав на овци со набавка на расплоден машки потенцијал од млечните раси на овци. Подобрени животни услови на одгледувачите со подобрена хигиена и дотур на вода за напојување на овците и техничка вода за подобрени услови во преработката на млечните производи.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ОВЧЕПОЛСКИ ЕКО ЧИФЛИК

**Цел на проектот:** Забрзување на руралниот развој во Мустафино преку создавање нови работни места, зачувување на руралната околина, одржливо користење на природните ресурси, преработка на земјоделските производи до крајни производи, одржливо складирање и воведување стандарди.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Свети Николе, с. Мустафино

**Носител на проектот:** ЗЗ Деметра, ЗППОП „Овчеполски екопроизводи“

**Вклучени организации:** МЗШВ

**Хумани ресурси:** 4 (двајца од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа, млади, експерти, жени, стари, деца, хендикеп, невработени, претприемачи, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** јануари 2008 – декември 2013

**Расходи на проектот:** 11.000.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Имплементацијата на проектот вклучува неколку фази.

1. Фаза на развој (зголемување, одржување и складирање на органските производи) и воведување стандарди ХАЦЦП.

2. Преработка на житни и млечни органски производи

3. Создавање услови за развој на терцијални услуги (лов, органски туризам, изработка и продажба на традиционални носии и сл.). Област и потесно подрачје на проектот е: рурален развој и земјоделско производство со додадена вредност.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### КООПЕРАТИВА ЗА ЗАЕДНИЧКА НАБАВКА НА РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ И ПЛАСМАН НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ПЛАСМАН НА ОВЧО МЛЕКО

**Цел на проектот:** Подобрување на состојбата во земјоделското производство во Овчеполието (Мустафино) преку заедничка набавка на квалитетни репроматеријали; едукација на земјоделците и заеднички пласман на земјоделски производи на локалниот и македонскиот пазар генерално.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Свети Николе

**Носител на проектот:** ЗЗ Деметра, ЗППОП „Овчеполски екопроизводи“

**Вклучени организации:** СФАРМ

**Хумани ресурси:** 5 (тројца од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади, експерти, жени, невработени, претприемачи, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, заеми, информации, застапување

**Период на спроведување:** јануари 2007

**Расходи на проектот:** 918.000

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Кооперативата е вклучена во набавка на различни видови репроматеријали потребни за земјоделските производители - членови, почнувајќи од различни видови семиња, ѓубриња, заштитни средства и наоѓање соодветни пазари за нивна дистрибуција. Фокус на проектот е производството на овчо млеко преку создавање крајни традиционални овчеполски млечни производи, инвестирање во средства на дистрибуција на истите и развивање маркетинг-стратегија со цел создавање овчеполски млечен бренд.

**Проектот сè уште е во фаза на имплементација.**

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ЕДУКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

**Цел на проектот:** Едукација на земјоделските производители во областа на: избор на семенски материјал, квалитетно расадопроизводство, заштита и исхрана на растенијата и помош во пласманот.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Василево

**Носител на проектот:** ЗЗП Агросојуз, Василево

**Вклучени организации:** општина Василево

**Хумани ресурси:** 6 (двајца од нив биле волонтери)

**Целна група:** земјоделски производители

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** јануари – јуни 2010

**Расходи на проектот:** 180.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот „Едукација на земјоделските производители“ во општина Василево, ЗЗП „Агросојуз“ Василево изврши едукација на 60 земјоделски производители во сите области кои ги опфаќа проектот. Стручните лица вклучени во проектот вршеа едукација со помош на технички средства со цел доближување и појасно објаснување на поодделните области.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ХРАНА И ОСТВАРУВАЊЕ ЕКОНОМСКО-ТЕХНИЧКИ ПРИДОБИВКИ

**Цел на проектот:** Физибилити-студија за ваовед во стандарди - физибилити-студија за млекарница за вовед во стандарди - млекопроизводители. Студиска посета на европски тип на фарма.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Источен регион

**Носител на проектот:** ЗЗП „Агропродукт“

**Вклучени организации:** И.С. Овчари, Р.З. Овчеполка, Еко, Млекарница Голак (Делчево)

**Хумани ресурси:** 9 (еден од нив бил волонтер)

**Целна група:** претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации, застапување

**Период на спроведување:** ноември 2007 – март 2008

**Расходи на проектот:** 57.921 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Преку организирање работилници и презентации од споменатите тематски подрачја и преку организирање научно-студиски посети на фарми според стандардите на ЕУ се дојде до мерливи сознанија за имплементација на стандарди и изготвување физибилити-студија за млекарница (Голак Делчево), млекопроизводители (одгледувачи на крави). Истите беа презентирани пред преработувачите и производителите на млеко.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА МЛЕКО, ПОГОЛЕМ ПРОФИТ НА ФАРМА

**Цел на проектот:** Запознавање со новите одредби за квалитет на млеко. Практично показен тест (Калифорнија-тест). Споредбени резултати. Инвестиции во опрема за постигнување стандарди.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Брегалнички регион

**Носител на проектот:** ЗЗП „Агропродукт“

**Вклучени организации:** „Овчеполка“, З.О.О „Аваси„, З.Г.Г. „Симентал“

**Хумани ресурси:** 16 (три од нив бил волонтери)

**Целна група:** претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации, застапување

**Период на спроведување:** октомври 2008 – декември 2008

**Расходи на проектот:** 421.200 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Чувањето и негувањето на ситен и крупен добиток за производство на млеко е основа за егзистенција на голем број фармери. Молзењето, чувањето и производството на сурово млеко често пати е несоодветно и придонесува за загуби во производството. Интервенција преку едукација, практично показни тестови и обука беше основа за создавање амбиент за примена на нормативи и стандарди на ЕУ во нашата држава. Овие активности завршија со инвестиции во опрема за подобрување на квалитетот на млеко, како основа за поголем профит и самовработување.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

**Цел на проектот:** Воспоставување на партиципативни пристапи во заедница.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** локално, Карбинци

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** Единица за координација на форумите/Консалтинг за стратешки развој, Швајцарска агенција за развој и соработка ( SDC )

**Хумани ресурси:** 4

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови, застапување

**Период на спроведување:** април 2008–декември 2009

**Расходи на проектот:** 3.378.154МКД

**Донатори на проектот:** СДЦ, општина Карбинци

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на форумот во општина Карбинци, вкупно реализирани беа 8 сесии од кои првата беше информативна, додека последната т.н последователна сесија се одржа на крајот на проектот и имаше за цел да ги презентира постигнатите резултати од реализираните проекти избрани на форумите од самите граѓани. На сите форумски сесии вкупно учествуваа 507 жители на Општина Карбинци.Помеѓу сесиите одржани беа повеќе работилници за проектно планирање,обука за формулација на проекти и обука за подготовка на буџет кои овозможија квалитетна подготовка на предлог проектите предложени од страна на учесниците на форумите. Со проектот беа изградени детски изгралишта, мали спорт ски терени како и урбано уредување на општината.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТА ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Цел на проектот:** Подобрување на условите во основните училишта во прифатливи стандарди во согласност со големината и потребите на училиштето.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** локално, општини Конче, Василево, Долнени, Могила и Битола

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** ЕЛС Конче, Василево, Долнени, Могила и Битола

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** деца, наставници

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови, застапување

**Период на спроведување:** август–ноември 2009

**Расходи на проектот:** 5.114.796 МКД

**Донатори на проектот:** Сокотаб Франа СА , Филип Морис

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

За 1.048 ученици и 141 вработен во пет училишта во руралните средини наставата се одвиваше полесно благодарение на проектите за модернизација на образованието што во текот на 2009 година ги спроведуваше МЦМС.

Во ОУ Браќа Миладиновци во с. Добрушево (Могила) беа набавени нагледни средства и помагала за опремување на фискултурната сала и за кабинетот по физика и хемија; во ОУ Гоце Делчев во с. Конче направена е демонтажа на старите и поставување на нови прозорци и врати; во ОУ Александар Турунџиев во с. Кукуречани (Битола) спроведени се истражни работи и изработка на главен проект за санација на подрумските простории; во ОУ Гоце Делчев во с. Нова Маала (Василево) направен е ограден ѕид на школскиот двор, а во ОУ Исмаил Ќемали во с. Црнилиште (Долнени) беше направено партерно уредување на училишниот двор.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### РЕНОВИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Цел на проектот:** Подобрување на условите во основните училишта во прифатливи стандарди во согласност со големината и потребите на училиштето.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** локално, с. Кукуречани (Битола), с. Алнгелци (Василево), с. Конче (Конче), с. Црнилиште (Долнени)

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** ЕЛС Конче, Василево, Долнени и Битола

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** деца, наставници

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови

**Период на спроведување:** јуни–ноемви 2010

**Расходи на проектот:** 6.118.600 МКД

**Донатори на проектот:** Сокотаб Франа СА , Филип Морис

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на проектот беа реализирани следните активности: во ОУ „Гоце Дечев“ во с. Ангелци (Василево) се изврши реконструкција на училишниот објект (внатрешни ѕидови, под, електричната инсталација и греење); во ОУ „Александар Турунџиев“ во с. Кукуречани (Битола) беше реконструирано и зајакнато подрумското ниво на училишниот објект; во ОУ „Исмаил Ќемали“ во с. Црнилиште (Долнени) и ОУ „Гоце Делчев“ беа набавени книги и нагледни средства за училиштата.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ АЕРОДРОМ, БЕРОВО, РАДОВИШ И КОНЧЕ

**Цел на проектот:** Воспоставување на партиципативни пристапи во заедниците.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** локално, Аеродром, Берово, Радовиш и Конче

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** Единица за координација на форумите/Консалтинг за стратешки развој и Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), ЕЛС Аеродром, Берово, Радовиш и Конче

**Хумани ресурси:** 6

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, застапување

**Период на спроведување:** септември 2009–декември 2010

**Расходи на проектот:** 25.198.314 МКД

**Донатори на проектот:** СДЦ, општина Аеродром, општина Берово, општина Радовиш, општина Конче, ЈКП „Плаваја“, ЈКП „Лакавица“

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот се постигнаа следните резултати: развиени вештини и ставови на граѓаните и ЕЛС за активно учество на граѓаните во развој на заедницата на локално ниво, спроведни проекти избрани на форумите. Во општина Аеродром се реконструираа прозорци и врати во основните училишта „Блаже Конески“, „Браќа Миладиновци“, „Гоце Делчев“, и градинката „Изворче“. Беа заменети вкупно 307 прозорци и врати што ќе овозможи поквалитетно одвивање на наставата и подобрување на енергетската ефикасност. Во општината Берово граѓаните учествуваа во креирање на буџет на општината за 2011 година, каде во рамки на проектот тие се одлучија за уредување на плоштадот. Во Радовиш и Конче граѓаните во рамки на форумскиот процес се одлучија средствата да ги наменат за обезбедување на две возила за одржување на канализациската мрежа.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### КАМПАЊА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

**Цел на проектот:** Да се зголеми јавната свест за потребата од сопствена реализација на индивидуални приклучоци со водомери и плаќање на водата што се користи од новите водоводни системи.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** локално, Јегуновце

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** општина Јегуновце, ОУ во Шемшево, Жилче и Ратае, ЈП Јегуновце

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** информации, застапување

**Период на спроведување:** јули–декември 2009

**Расходи на проектот:** 901.683 МКД

**Донатори на проектот:** Норвешка асоцијација на општини (КС)

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот се придонесе кон зајакнување на свеста на корисниците на водоводните системи и за плаќање за потрошената вода/добиената услуга, како и кон зајакнување на волјата на корисниците да постават индивидуални приклучоци со водомер. Овие резултати беа постигнати преку следните активности: Во рамките на проектот беше спроведена кампања со слоганот „Чиста сметка - здрава вода“. Беше дистрибуиран промотивен материјал до жителите. Информирањето на населението се спроведе преку одржување на информативни средби и дистрибуција на информативен пакет. Информативните пакети се дистрибуираа до секое домаќинство од целното подрачје. За учениците од основните училишта во општината Јегуновце беа организирани шест интерактивни едукативни часови и еден натпревар. Едукативните часови беа за учениците од 5-то до 8-мо одделение од 3-те училишта во селата Јегуновце, Шемшево и Жилче. На часовите учество зедоа 225 ученици. На крајот на кампањата се одржа едукативен натпревар во пишување есеј на тема: „Важна е секоја капка вода“, во цртање на тема „Мојата планета е жедна“, I квиз со разлчни содржини под заедничко мото „Факти за водата“. Вкупно 36 ученици зедоа учество во натпреварот.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### МОДЕРНИЗАЦИЈА НА РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Цел на проектот:** Модернизација и создавање на услови за одржлив развој на руралните заедници.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Република Македонија

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** општини: Конче, Старо Нагоричане, Чашка, Долнени, Велес

**Хумани ресурси:** 1

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** февруари–декември 2008

**Расходи на проектот:** 940.865 МКД

**Донатори на проектот:** ЕЕД

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот беа реализирани активности за поддршка на општините и јавните комунални претпријатија за поуспешно работење во следните области: заштита и уредување на животната средина, пристап до донатори (ЕУ), комунална инфрастуктура, урбанистичко и просторно планирање, модерни ИТ презентации.

Во општина Старо Нагоричане беа реализирани активности за изработка и хостирање на ВЕБ страна на општина Старо Нагоричане. Општина Конче беше поддржана за изработка на апликација за ИПА и прекугранична соработка, како и подобрување на комуналните услуги преку набавка на црево за водоснабдување. Општина Чашка го реализираше проектот Парк на пријателството, односно со поддршката на МЦМС се овозможи мобилизација на дополнителни средства од Мировен Корпус. Ова претставува прв проект за урбанизација на централниот дел на с.Чашка. Во општина Велес, набавени беа 5 специјални дупчалки за пошумување, искористени пред се во двете големи акции Ден на дрвото. Општината Долнени и ЈКП Долнени беа поддржани со набавка на црево и ситна опрема неопходна за квалитетно одржување и управување со комуналната инфраструктура. Покрај ова, МЦМС испорача консултации на ЈКП за пристап во идентификување на проблемите со санитација во селата од општина Долнени.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ИНИЦИЈАТИВИ ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ПРИЛЕП

**Цел на проектот:** Воспоставување на партиципативни пристапи во заедниците.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Општина Прилеп

**Носител на проектот:** Македонски центар за меѓународна соработка, Општина Прилеп, ФПР-Прилеп и месните заедници на територија на Општина Прилеп

**Вклучени организации:** Општина Прилеп и месни заедници на територијата на Општина Прилеп

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** септември–декември 2008

**Расходи на проектот:** 932.755 МКД

**Донатори на проектот:** ЕЕД, Општина Прилеп, ФПР Прилеп, МЗ од Прилеп

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на проектот беа спроведени информативни работилници за постапката на формирање на месните заедници и правилата за работа за МЗ во општина Прилеп. Вкупно се одржаа 9 информативни работилници со кои беа опфатени 72 претставници од 9 Месните заедници.

Беа одржани две обуки (за стратешко планирање и раководење со проектен циклус), на кои присуствуваа 31 учесник од месните заедници. Додека на четири работилници за градење капацитети на советите на МЗ учествуваа вкупно 58 претставници. Беше организиран повик за прибирање на предлог работни планови за развој на локалните партнерства и поддршка за спроведување на локалните акции и иницијативи. Исто така беа организирани и работилници за развој на локалните партнерства и помош при спроведувањето на локалните акции и иницијативи.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА САНИТАЦИЈА ВО ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

**Цел на проектот:** Подготовка за подобрување на санитарните услови во селата Пешталево и Секирци во Општина Долнени.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Општина Долнени

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** Општина Долнени, МЗ с. Секирци и с.Пешталево, ЈКП Долнени

**Хумани ресурси:** 1

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** раководење

**Период на спроведување:** март–ноември 2008

**Расходи на проектот:** 612.000 МКД

**Донатори на проектот:** ДЦА, Данска

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот изработени беа две технички документации (основни проекти) за изградба на канализација во селата Пешталево и Секирци. Истовремено набавен беше алат и опрема за ЈКП Долнени што ќе овозможи поефикасно одржување на објектите.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### РЕНОВИРАЊЕ НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ДОБРУШЕВО

**Цел на проектот:** Подобрени услови за учење и работа за учениците и персоналот во основното училиште.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Општина Могила

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** општина Могила

**Хумани ресурси:** 3

**Целна група:** деца

**Активности што се спровеле со проектот:** раководење

**Период на спроведување:** јуни–ноември 2008

**Расходи на проектот:** 2.921.897 МКД

**Донатори на проектот:** Сокотаб

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот беше изработена техничка документација и нејзина ревизија. Во училиштето беше сменета електричната инсталација реконструирани внатрешните ѕидови, подови и плафони.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### РЕНОВИРАЊЕ НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ДОЛНЕНИ КОЛИЧАНИ

**Цел на проектот:** Подобрени хигиенски и хигиенско/санитарни услови за персоналот во основното училиште „Мустафа Кемал Ататурк“.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** с. Долно Количани, општина Студеничани

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** општина Студеничани

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** деца

**Активности што се спровеле со проектот:** раководење

**Период на спроведување:** јуни–октомври 2008

**Расходи на проектот:** 1.246.775 МКД

**Донатори на проектот:** Сокотаб

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот беше дограден санитарниот јазол во училиштето. Во текот на изградбата, од страна на училиштето предложено беше проширување на самата доградба со дополнителен ходник кој овозможи подобра звучна и топлинска изолација.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### САНАЦИЈА НА ШТЕТИ ОД ПОПЛАВИ НА ОУ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

**Цел на проектот:** Создавање услови за нормален пристап и функционирање на училиштето Гоце Делчев с. Конче.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Општина Конче

**Носител на проектот:** Македонски центар за меѓународна соработка, општина Конче

**Вклучени организации:** ЈКП Лакавица - Конче, ЈП Македонија пат - подружница Штип и Центар за управување со кризи

**Хумани ресурси:** 1

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** раководење

**Период на спроведување:** декември–декември 2008

**Расходи на проектот:** 120.000 МКД

**Донатори на проектот:** Сокотаб

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со поектот се спроведоа активнсти за расчистување на насипите од наноси и шут по патиштата, мостовите и пристапните делници со помош на механизација.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### СТЕКНУВАЊЕ ИСКУСТВА ОД ПОЗИТИВНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРОЕКТИ ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Цел на проектот:** Придонес кон вклучување на руралните заедници во планирање и искористување на ЕУ поддршката за рурален развој.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** Македонски центар за меѓународна соработка, ЗЕЛС и АФПЗЗР

**Вклучени организации:** ЗЕЛС и АФПЗЗР

**Хумани ресурси:** 1

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** застапување

**Период на спроведување:** октомври–декември 2008

**Расходи на проектот:** 382.888 МКД

**Донатори на проектот:** ЕЕД, Германија

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на проектот беше остварена студиска посета во Република Словенија, на која учествуваа членови од Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС и од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Втора активност беше организирањето на Конференцијата на тема Руралните општини и ЕУ поддршката за рурален развој во Македонија – националните искуства и регионалните практики, со посебен осврт на искуствата од Р. Бугарија.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Цел на проектот:** Подобрени организациски и институционални капацитети на руралните и други мали заедници за развојните иницијативи.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** МЦМС

**Вклучени организации:** Општини: Чашка, Долнени, Могила, Карбинци, Старо Нагоричане, Лозово, Сарај, Јегуновце, Желино, Конче, Теарце, Велес, Прилеп

**Хумани ресурси:** 9

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** март–декември 2008

**Расходи на проектот:** 696.440 МКД

**Донатори на проектот:** ЕЕД, Германија

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот беа спроведени шест обуки и една работилница: обука за пристап до донаторите и изработка на апликации, обука за вовед во инструментот за прет-пристапна помош ИПА, обука за односи со јавноста, обука за раководење со човечки ресурси, обука за тимска работа и раководење со тим, обука за комуникациски вештини и решавање на конфликти, и работилница подготовка на заедниците за изработка на апликација за изготвување на ЛЕАП.

На обуките и работилниците присуствуваа околу 100 учесници од 13 општини, како и претставници на граѓански организации.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### СТУДИСКА ПОСЕТА НА СЛОВЕНИЈА ЗА ИПАРД

**Цел на проектот:** Целта на проектот беше запознавање со искуствата во претфинансисрањето проекти САПАРД/ИПАРД во Република Словенија.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Словенија

**Носител на проектот:** МРФП

**Вклучени организации:** Платежна агенција за ИПАРД во Македонија и во Словенија

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** застапување

**Период на спроведување:** јануари–март 2010

**Расходи на проектот:** 822.898 МКД

**Донатори на проектот:**

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Европската Унија ја обедини помошта што ја обезбедува за земјите кои претендираат да станат нејзини членки во еден инструмент наречен Инструмент за претпристапна помош или ИПА. Инструментот има пет компоненти. Петтата компонента е наменета за рурален развој т.н. ИПАРД, за која Македонија е подобна и веќе го објави првиот повик во декември 2009 г.

ИПАРД е новина за македонските земјоделски производители, агро-преработувачите, финансискиот сектор и општата јавност. Се смета дека еден од битните проблеми претставува прет-финансирањето на подобните проекти. Оттука, пристапот на МРФП беше да стапи во комуникација со АФПЗРР и со платежната агенција на Словенија и да се организира посета на претставници од македонски финансиски институции заради запознавање со искуствата со ИПАРД. Целта на проектот беше запознавање со искуствата во претфинансирањето проекти САПАРД/ИПАРД во Република Словенија. Очекуван резултат беше посетени се релевантни институции за САПАРД/ИПАРД во Република Словенија.

Посетата се реализира како што беше планирано. Беа посетени платежната агенција на Словенија, три банки, три проекти и една земјоделска комора.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

**Цел на проектот:** Вмрежување на земјоделските производители во Македонија.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** национално

**Носител на проектот:** МРФП

**Вклучени организации:** Група за развој на подсекторот домат и пиперка

**Хумани ресурси:** 5

**Целна група:** претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** застапување

**Период на спроведување:** април 2009–април 2012

**Расходи на проектот:** 2.526.360 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Македонското земјоделство се вбројува во групата умерено профитабилни, со потенцијали за развој. Иако има одредени компаративни предности, како што се поволната клима и долгата традиција во земјоделското производство, синџирот на понуда на земјоделски производи има потреба од цврста интеграција за да биде подготвен за очекуваниот развој на пазарот и постојаниот раст на конкуренцијата, како на локално така и на меѓународно ниво.

Областите во кои има потреба од најитна интервенција, кои наедно се дел од стратегијата на ГРДП се: а) унапредување на координацијата и довербата помеѓу чинителите во земјоделскиот сектор (хоризонтална и вертикална); б) развој на пазарна стратегија; в) помагање на развојот и имплементација на политики, планови, правила и прописи (пр. влезни даноци, стандарди на квалитет и сл.); г) развој на механизми за подобар систем за размена на информации во потсекторот.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА СТРУМИЧКА РЕКА И МОНОСПИТОВСКИТЕ ОДВОДНИ КАНАЛИ

**Цел на проектот:** Подобрување на санитарната и еколошката состојба во руралните заедници од струмичкиот регион. Подобрување на соработката меѓу општините и руралните заедници. Поддршка на процесот на децентрализација и одржлив развој во заедниците. Решавање на приоритетен инфраструктурен проблем. Придонес кон локалниот економски развој во целните општини.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Струмица, Василево, Босилово и Ново Село

**Носител на проектот:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЦОР Алка Скопје

**Вклучени организации:** Министерство за животна средина и просторно планирање, ЕЛС Струмица, Василево, Босилово и Ново Село, МЗШВ

**Хумани ресурси:** 12 (4 од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади, експерти, жени, стари, деца, хендикеп, невработени, претприемачи, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** февруари 2006 – јули 2006

**Расходи на проектот:** 21.700.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Проектните активности за чистење на реката Струмица и моноспитовските канали е со цел давање итна поддршка на 4 општини: Струмица, Василево, Босилево и Ново Село. Алка ги остварува целите преку следните активности: Градење на капацитетите на заедниците, групи во заедниците и во единиците на локалната самоуправа, преку примена на партиципативниот пристап, одржување обуки и тренинзи, со цел долгорочен развој на заедниците; Зголемување на свеста за користење на партиципативни методи во процесот на одлучување и дефинирање на приоритетите во заедницата; Нагласување на значењето на мобилизацијата на заедницата и вклучување на маргинализираните групи за остварување заеднички цели и интереси преку јавни собири, фокусни групи, работилници и учество во разни активности; Поддршка за заедниците за подобрување на комуникацијата и соработката со локалната самоуправа и обратно; Промовирање на принципот на добро владеење на општинско ниво, со цел да се обезбеди транспарентност и одржливост; Водење низ процес на планирање на развој на заедниците и изработка на развоен план; Реализирање заеднички проек со чиешто решавање значително би се подобрил животот во заедницата; Зголемување на разбирањето на жителите за децентрализацијата во однос на надлежностите и начинот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, учество на граѓаните во одлучувањето и сл., преку работилници за децентрализација. Со оваа програма се работи во руралните средини на мотивација, мобилизација и самоорганизирање на заедниците околу еден заеднички проблем. Во исто време, а во согласност со новиот закон за локална самоуправа, АЛКА користи стратегија за проширување на својата асистенција на општинско ниво, со цел да ги подготви за нивните нови одговорности и користењето на принципот на „добро владеење“. Со користењето на методот на практично вклучување на општинската администрација заедно со заедниците, од самото отпочнување и за време на сите проектни фази, тие ќе се запознаат со процесот и методологијата и ќе имаат можност да се здобијат со потврдени партиципативни алатки за иден самостоен развој. Сегашниот степен на соработка помеѓу општините и заедниците, како и нивното ниво на стручност на проектно планирање треба да се подобрат.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ЗАШТИТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА АВТОХТОНАТА ДОМАШНА РАСА ОВЦИ ПРАМЕНКА ВО МАЛЕШЕВСКО - ПИЈАНЕЧКИОТ РЕГИОН

**Цел на проектот:** Да се заштити и зголеми бројот на праменката како автохтона домашна раса, да се мотивираат и други фармери да почнат да ја одгледуваат со методи на органско земјоделство.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Пехчево

**Носител на проектот:** „Нов живот“ (Штип), „Аронија“ (Делчево), Центар за култура и информации „Равен“ (Пехчево)

**Вклучени организации:** /

**Хумани ресурси:** 160 (160 од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа, невработени

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови

**Период на спроведување:** февруари 2010 – јули 2011

**Расходи на проектот:** 2.880.000 МКД

**Донатори на проектот:** ГЕФ МПГ

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Да се заштити и зголеми бројот на праменката како автохтона домашна раса, да се мотивираат и други фармери да почнат да ја одгледуваат. Набавени 128 чистокрвни јагниња од сортата праменка со цел оформување матично стадо и наедно заштита од исчезнување и да се зголеми нивниот број. Со проектите ќе се преземат активности за: Оформување матично стадо и санација и доградба; Воведување органско производство; Производство на млеко и млечни производи и маркетинг на производите и Заштита на животната средина, еколошка компонента и локален развој.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ВРАБОТУВАЊЕ ПО ПАТ НА ОБУКА ЗА ЗАНАЕТИ И РАЧНИ ИЗРАБОТКИ

**Цел на проектот:** Економско јакнење на младите лица по пат на обука за изработка на дизајни и крајни производи наменети за странски пазар.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Крушево

**Носител на проектот:** ОЖ „Цвет“

**Вклучени организации:** /

**Хумани ресурси:** 20 (четворица од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади, жени, невработени

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** октомври 2008 – декември 2008

**Расходи на проектот:** 103.240 МКД

**Донатори на проектот:** /

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во текот на спроведувањето на проектот се одржуваа работилници (плетење и везење) со цел младите да се вклучат во изработката на крајни рачни ракотворби, бидејќи во тој период нашата организација работеше плетени работи наменети за италијанскиот пазар. Младите се обучија во почетокот за припремните работи, а со текот на времето и за финалните ракотворби. Исто така, во тој период се одржа и курс за дизајнери и тие дизајни беа во склопот на модните трендови и беа прифатени од странските пазари.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТ 1КМ ДО ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО „ДАБОТ“ С. БЕЛИ

**Цел на проектот:** Подобрување на комуникацијата со еколошко излетничко место „Дабот“.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** с. Бели, Кочани

**Носител на проектот:** Општина Кочани

**Вклучени организации:** ЗГ с. Бели

**Хумани ресурси:** 10 (десет од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа, млади, невработени

**Активности што се спровеле со проектот:** грантови

**Период на спроведување:** октомври 2008 – јули 2009

**Расходи на проектот:** /

**Донатори на проектот:** /

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Асфалтирање пат од с. Бели до излетничкото место „Дабот“ - со посебно обележје на дрвото даб со старост од над 600 години.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ИЗГРАДБА НА ХЛОРНА СТАНИЦА „ДЕБРЕШТЕ“ ЗА ОПШТИНИТЕ ДОЛНЕНИ, КРИВОГАШТАНИ И КРУШЕВО ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Цел на проектот:** Обезбедување здрава вода за пиење за 16.351 жител на 13 населени места во општините Долнени, Крушево и Кривогаштани.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Пелагонија

**Носител на проектот:** ПРЕДА

**Вклучени организации:** СДЦ, општина Долнени, Крушево, Кривогаштани, Биро за регионален развој, Совет за развој на пелагонискиот плански регион

**Хумани ресурси:** 5

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** инфраструктура

**Период на спроведување:** декември 2009 – ноември 2010

**Расходи на проектот:** 4.700.000 МКД

**Донатори на проектот:** Влада на РМ

### КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

/

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

**Цел на проектот:** Поддршка за развојот на туризмот.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Пелагонија

**Носител на проектот:** ПРЕДА

**Вклучени организации:** /

**Хумани ресурси:** 3

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, заеми

**Период на спроведување:** април 2009 – декември 2010

**Расходи на проектот:** 6.000.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Проектот има за цел да ги промовира туристичките потенцијали на регионот, а со тоа и сите туристички атракции во руралните делови на пелагонискиот регион. Промоција главно се прави преку интернет-страницата www.pelagonia.mk

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОМОЦИЈА НА ПИПЕРКАТА КАКО КОНКУРЕНТА КУЛТУРА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Цел на проектот:** Промоција на производство на пиперка (фармерска) како профитабилна земјоделска активност во регионот која води кон подобрени односи во рамките на вредносниот синџир.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Пелагонија

**Носител на проектот:** ПРЕДА

**Вклучени организации:** МААСП, и девет општини од Пелагонискиот регион

**Хумани ресурси:** 2

**Целна група:** жени, претприемачи

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** јануари 2009 – декември 2010

**Расходи на проектот:** 4.000.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

/

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### МАРИОВО НИЗ БОИТЕ НА ПРИРОДАТА

**Цел на проектот:** Рурален развој и промоција на Мариово во општина Новаци.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Новаци

**Носител на проектот:** „Семак“

**Вклучени организации:** /

**Хумани ресурси:** 7 (двајца од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** информации, застапување

**Период на спроведување:** мај 2010 – август 2010

**Расходи на проектот:** 185.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Изготвен водич во Мариово на 60 страници во боја каде низ фотографијата и кратко појаснување се покажани вредностите на рурално Мариово - општина Новаци и ЦД од 200 фотографии во слајдови.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ОБУКА НА ЖЕНИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРЕДМЕТИ ОД ВОЛНА СО ФИЛЦ-ТЕХНИКА

**Цел на проектот:** Да се обучат 12 жени од Берово за изработка на сувенири од волна со филц-техника.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Берово

**Носител на проектот:** „Серафим"

**Вклучени организации:** МАТА

**Хумани ресурси:** 3 (тројцата од нив биле волонтери)

**Целна група:** жени, невработени

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** јуни 2007 – јуни 2007

**Расходи на проектот:** 12.000 МКД

**Донатори на проектот:** МАТА

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Проектот се реализира со цел да се обучат 12 жени невработени да изработуваат сувенири од волна со филц-техника, а како производ беше покажана техниката за изработка на шешир, чанта, влечки, елек, ружа, овчар, куче, желка, бубамара и овци. Исто така беше прикажана и подготовката на волната од перење, фарбање и влечење.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### СО ЗДРАВА ХРАНА ДО ЗДРАВ ЖИВОТ

**Цел на проектот:** Чиста и здрава храна во секој момент. Едукација на производителите на градинарски производи за користење здрави, превентивни и заштитни средства и семенски материјали кои се одобрени од ЕУ.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Кривогаштани

**Носител на проектот:** ТГЗ Ориентал, Кривогаштани

**Вклучени организации:** /

**Хумани ресурси:** 20 (десет од нив биле волонтери)

**Целна група:** земјоделски производители

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** април – август 2009

**Расходи на проектот:** 218.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на проектот објавени се публикации со коментари и препораки за користење на семињата и превентивните средства за заштита на растенијата во голем тираж. Со издавањето на флаерите се добиваат точни информации за проблемите кои можат да настанат со користење различни превентивни мерки и семенски материјали кои не се сертифицирани од страна на ЕУ. Покрај флаерите и постерите, дизајнирани се и постери со цел да се информираат корисниците за обуките. Со проектот беа опфатени 100 земјоделци во регионот, оспособени се 20 лица во регионот од здружението со цел да станат идни предавачи и продолжувачи на традицијата на ваквите форми на едукација на жителите на општина Кривогаштани. Ќе се оспособат и други лица кои треба да помогнат во едукацијата и да продолжат со нивното стекнато знаење.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЗНАНИЈАТА КАЈ ПРИМАРНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА И СТАНДАРДИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

**Цел на проектот:** Разбивање на погрешните сфаќања кај земјоделците дека барањата за стандарди се неприменливи во наши услови, подобрување на знаењата за забрзан рурален развој преку оптимално користење на природните услови, како и предочување на можните закани во лозарското производство.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Источен и вардарски регион

**Носител на проектот:** Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет, Катедра за заштита на растенијата и животната средина

**Вклучени организации:** СНВ, ФФРМ (канцеларија Кочани), општина Берово, АПРЗ РЦ (Штип).

**Хумани ресурси:** 13 (четири од нив бил волонтери)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** ноември 2010 – декември 2010

**Расходи на проектот:** 92.000 МКД

**Донатори на проектот:** Катедра за заштита на растенијата

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Низ серија работилници одржани во мотел Слив, во с. Зрновци, општина Берово и простории на Универзитетот „Гоце Делчев“ одржани се работилници на повеќе теми. Искористено е богатото искуство на наставниот кадар од Земјоделскиот факултет за да се пренесат сознанија од 7 тематски подраја, карактеристични за населението каде се држани работилниците. Обработени беа следните тематски подрачја: плодрен, составен дел на добрата земјоделска пракса; алтернативни култури во пресрет на климатските промени; од органски отпад до органски компост; ИПМ во градинарството; економска оправданост со примена на ИПМ во земјоделството; заштитени подрачја како можност за забрзан рурален развој; во пресрет на ИПАРД.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПОДДРШКА НА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА АНАЛИЗА И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Цел на проектот:** Овозможување поддршка на руралните заедници во процесот на искористување на програмите за рурален развој кои ќе бидат обезбедени во иднина од ЕУ, со што се поддржуваат напорите на земјите за евроинтеграции.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Бугарија, Србија, Косово, Албанија, Турција, Црна Гора

**Носител на проектот:** ФАО

**Вклучени организации:** СВГРРД, Министерство за земјоделство, ФАО, СВГ

**Хумани ресурси:** 4 (еден од нив бил волонтер)

**Целна група:** претприемачи,  етнички заедници, локална самоуправа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации, застапување

**Период на спроведување:** октомври 2007 – јули 2007

**Расходи на проектот:** 1.040.343 МКД

**Донатори на проектот:**

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Поддршката се обезбедува преку активности за јакнење и обука на капацитетите на сите релевантни нивоа поддржани од активности финансирани од Владата, кои ќе се имплементираат на децентрализирано ниво (пр. општини), следејќи ги моделите и процедурите за финансирање на ЕУ.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРИРАН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИ ЗАЕДНИЦИ

**Цел на проектот:** Јакнење на капацитетите на заедниците и преземање иницијативи за решавање приоритетни проблеми на заедницата. Јакнење на капацитетите на општинската администрација и подобрување на соработката со руралните заедници. Подобрување на можностите на општествените чинители и развивање одржливи стратегии за решавање на проблемите, спроведување инфраструктурни приоритетни проекти во 35 рурални заедници (9 општини).

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Сопиште, Студеничани, старо Нагоричане, Ранковце, маврови Анови – Ростуше, Центар Жупа, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Македонска Каменица.

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка“

**Вклучени организации:** ЕЛС

**Хумани ресурси:** 330 (200 од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади, жени, стари, деца, хендикеп, невработени

**Активности што се спровеле со проектот:** обука,  грантови,  информации

**Период на спроведување:** јуни 2006 – јули 2007

**Расходи на проектот:** 82.340.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Градење на капацитетите на заедниците, групи во заедниците и во единиците на локалната самоуправа, преку примена на партиципативниот пристап, одржување обуки и тренинзи, со цел долгорочен развој на заедниците; Зголемување на свеста за користење партиципативни методи во процесот на одлучување и дефинирање на приоритети во заедницата; Нагласување на значењето на мобилизацијата на заедницата и вклучување на маргинализираните групи за остварување заеднички цели и интереси преку јавни собири, фокусни групи, работилници и учество во разни активности; Поддршка за заедниците за подобрување на комуникацијата и соработката со локалната самоуправа и обратно; Промовирање на принципот на добро владеење на општинско ниво, со цел да се обезбеди транспарентност и одржливост; Водење низ процес на планирање на развој на заедниците и изработка на развоен план; Реализирање заеднички проект со чиешто решавање значително би се подобрил животот во заедницата; Зголемување на разбирањето на жителите за децентрализацијата во однос на надлежностите и начинот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, учество на граѓаните во одлучувањето и сл., преку работилници за децентрализација. Со оваа програма се работи во руралните средини на мотивација, мобилизација и самоорганизирање на заедниците околу еден заеднички проблем. Во исто време, а во согласност со новиот закон за локална самоуправа, АЛКА користи стратегија за проширување на својата асистенција на општинско ниво, со цел да ги подготви за нивните нови одговорности и користењето на принципот на „добро владеење”.

Со користењето на методот на практично вклучување на општинската администрација заедно со заедниците, од самото отпочнување и за време на сите проектни фази, тие ќе се запознаат со процесот и методологијата и ќе имаат можност да се здобијат со потврдени партиципативни алатки за иден самостоен развој. Сегашниот степен на соработка помеѓу општините и заедниците, како и нивното ниво на стручност на проектно планирање треба да се подобри.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Цел на проектот:** Поддржување на демократијата и доброто владеење преку поттикнување активни и добро информирани граѓани кои се свесни за своите права; Воведување прирачник за децентрализација кој е лесен за употреба за да осигури дека сите ги разбираат своите права и за да овозможи обезбедување услуги во заедницата, а особено во мултиетничките општини.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Тетово, Битола, Ново Село

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка“

**Вклучени организации:** ЗЕЛС, Британска амбасада во РМ, општините: Тетово, Битола, Ново Село

**Хумани ресурси:** 8

**Целна група:** млади, експерти, жени, невработени, претприемачи, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** декември 2007 – мај 2008

**Расходи на проектот:** 3.932.580 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со проектот требаше да се обезбеди финален практичен прирачник, кој ќе им користи на луѓето за да ги разберат комплицираните правно подготвени 50 закони за децентрализација, а наедно и подигање на профилот на најдобрите децентрализациони практики, за илустрирање на успехот, за креирање притисок за промена во пасивните општини и презентирање на централната власт дека децентрализацијата значи подобар квалитет на услуги кој води до стабилна и функционална демократија. Со тековниот проект се опфатија три пилот-општини, и тоа Битола, Ново Село и Тетово. Со стручна помош на експерти од локалната самоуправа, активно учество на заедницата, граѓанскиот сектор и логистичката поддршка од општинската администрација во 3 целни општини, по неколкумесечна работа се подготви предлог „Декларација за вклученост на заедницата“. Оваа декларација е усвоена од страна на Советот на општината Битола, Советот на општината Ново Село и Советот на општината Тетово, со што стана дел од општите правни документи на овие 3 општини. Со Декларацијата за вклученост на заедницата, локалните власти се обврзаа за што поголемо учество на заедницата (невладиниот сектор, бизнис-заедницата, месните заедници, граѓански иницијативи и други заинтересирани страни) во целокупниот процес на иницирање, креирање и носење одлуки од општинско значење во органите на локалната самоуправа. Иако со овој проект се опфатени само 3 единици на локалната самоуправа, ова претставува добар пример кој може да им послужи за останатите ЕЛС како да го зголемат учеството на заедницата во процесот на креирање и носење одлуки од општинско значење. Во рамките на овој проект се подготви и финалниот прирачник за процесот на децентрализација под името „Јас и мојата општина“ од авторите г-ѓа Душица Перишиќ, г. Горан Ангелов и г. Сотир Костов. Во оваа книга на еден лесен и разбирлив начин се опишуваат надлежностите на локалните власти во Република Македонија со многу примери и корисни информации за линкови поврзани со локалната самоуправа. Ако локалните власти постојат за граѓаните и заедницата, искуствата од овој проект може да им бидат од корист на другите ЕЛС, како да го зголемат учеството на заедницата во процесот на креирање и носење на општинските одлуки.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ“

**Цел на проектот:** Целта на оваа програма е да го поддржи процесот на децентрализација и да овозможи учество на граѓаните во развојот на заедницата на локално ниво. Применувајќи го форумскиот пристап, оваа програма претставува платформа за развој што овозможува граѓаните да си го подобрат животот со свои сопствени идеи и учество и администрацијата да развие локално управување преку учество, одговорност и доверба.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Долнени, Македонски Брод

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка“

**Вклучени организации:** општина Долнени и Македонски Брод

**Хумани ресурси:** 12

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** октомври 2008 – декември 2010

**Расходи на проектот:** 11.609.050 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Во рамките на Програмата во наведените општини се спроведуваат форумски процеси кои се состојат од седум форумски сесии и една последователна сесија. Во текот на овој процес се формираат работни групи кои развиваат предлог-проекти за приоритетните проблеми. По избирањето на проектите од страна на форумот, следат активности за нивна практична реализација. Форумскиот процес започнува со конституирање на Форумот, кој е отворен за сите граѓани на општината подготвени заеднички да решаваат прашања од општ интерес и да работат на изнаоѓање прифатливи решенија за подобрување на секојдневниот живот во заедницата. Учесниците на форумот преку структурирани дискусии развиваат проектни идеи и даваат препораки на теми кои се одредени од страна на општината врз основа на партиципативен процес. Предложените проекти кои ќе бидат одбрани од форумот се спроведуваат во рамките на предвидениот буџет.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРИРАН РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Цел на проектот:** Јакнење на капацитетите на заедниците во насока на решавање на нивните приоритетни проблеми. Подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу општините и заедниците. Промовирање на придобивните и предностите од законската регистрација како индивидуални земјоделци и фармери. Имплементација на 18 инфраструктурни проекти во заедниците од областа на заштита на животната средина. Трансфер на користениот партиципативен пристап од ЦОР „Алка“ на Општината. Имплементација на 12 приоритетни инфраструктурни проекти (дополнителни активности). Реплицирање на партиципативниот пристап во 12 општини и заедници (дополнителни активности). Подобрување на животните услови и квалитетот на животот во 30 рурални заедници. Подобрување на условите за економски развој, диверзификација на агрокултурни активности и регионална конкурентност. Подобрување на енергетската ефикасност во 9 училишта.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Крушево, Пласница, Брвеница, Гази Баба, Зрновци, Виница, Карбинци, Могила, Новаци, Чешиново-Облешево, Сопиште, Неготино, Велес, Битола, Лозово

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка“

**Вклучени организации:** Крушево, Пласница, Брвеница, Гази Баба, Зрновци, Виница, Карбинци, Могила, Новаци, Чешиново-Облешево, Сопиште, Неготино, Велес, Битола, Лозово

**Хумани ресурси:** 170 (170 од нив биле волонтери)

**Целна група:** млади, жени, стари, деца, невработени, етнички заедници

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, грантови, информации

**Период на спроведување:** јануари 2009 – септември 2009

**Расходи на проектот:** 48.662.770 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со програмските активности ќе бидат опфатени 9 општини со различна регионална поставеност. Во овие рамки планирано е да се реализираат 18 локални проекти во руралните заедници со кои ќе се решаваат приоритетите од областа на заштита на животната средина. Програмските активности опфаќаат: Презентација на програмата за општините и заедниците; Приоретизирање на проблеми во заедницата и решавање проблеми; Изработка на стратегија за одржлив развој на заедницата;

Промоции од областа на земјоделството; Презентации за правата и одговорностите на засегнатите страни во процесот на децентрализација. Во избраните заедници (2 во секоја од 9 општини) ќе биде реализиран по еден проект од областа на заштита на животната средина. Во рамките на тековната програма „Интегриран развој на рурални заедници", ЗОРС „Алка" предложи дополнителни активности со дополнителен буџет, коишто се прифатени од донаторот. Целта на овие дополнителни активности е да се дава континуирана поддршка на руралните заедници во Македонија. Алка се фокусира на сите 26 општини каде шти има работено во периодот 2004-2008. Овие активности ја користат веќе воспоставената методологија и алатки на Алка, за постигнување максимално одрживо влијание. Со активностите ќе се решат 12 рурални приоритетни проблеми. Дополнително преземени се мерки за зголемување на енергетската ефикасност во 9 основни училишта. Во исто време, проектните резултати ќе ги зголемат капацитетите на општините за проектно раководење и спроведување, ќе го зголемат знаењето на локалната популација и ќе ги подобрат условите за живот во руралните области. Следствено, значајното искуство и капацитетите на Алка во користење на потврдениот пристап на партиципација ќе придонесе за понатамошно продуцирање позитивни резултати во процесот на децентрализација, ќе ги подобри потенцијалите за економски раст и ќе го стимулира одрживиот развој на руралните заедници во регионот.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОМОЦИЈА НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА БЛИЗОК ДО ГРАЃАНИТЕ ПРЕКУ ПРИМЕНА НА НАЈДОБРИТЕ БРИТАНСКИ ПРАКТИКИ

**Цел на проектот:** Промоција на британските искуства во поддршката на децентрализираните процеси во Република Македонија; Зголемување на знаењето и свеста на граѓаните за користење на нивната учесничка улога, нивните права и одговорности пред локалните и владините институции во согласност со законската регулатива; Подигање на свеста на локалните власти за заедничките проблеми со кои граѓаните се среќаваат кога соработуваат со локалните власти; Активно и добро информирано граѓанство подготвено и волно да учествува во процесот на донесување одлуки во нивните резидентни општини.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Маврово и Ростуше, Кривогаштани, Битола, Јегуновце, Тетово, Кичево, Гостивар, Велес, Демир Капија, Крива Паланка, Аеродром, Валандово, Ново Село, Штип, Зрновци, Боговиње.

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка"

**Вклучени организации:** ЗЕЛС, Британска амбасада во РМ, општините: Маврово и Ростуше, Кривогаштани, Битола, Јегуновце, Тетово, Кичево, Гостивар, Велес, Демир Капија, Крива Паланка, Аеродром, Валандово, Ново Село, Штип, Зрновци, Боговиње и Министерство за локална самоуправа.

**Хумани ресурси:** 10

**Целна група:** млади, експерти, жени, стари, деца, невработени, претприемачи, етнички заедници.

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** септември 2006 – март 2007

**Расходи на проектот:** 1.738.237 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Проектот произлезе како резултат на долгогодишниот ангажман на Алка преку остварувањето на соработката со руралните општини во Македонија. Идејата имаше за цел да допре до граѓанинот како субјект кој е во центарот на децентрализациските процеси и двигател (движечка сила) за подобрување на состојбите во општините. За таа цел, беше формиран експертски тим кој подготви прирачник со лесно разбирлива и прифатлива содржина, близок до граѓаните, со кој тие ќе можат да ги користат механизмите за подобрување на состојбата во своите општини. Проектот опфати теренско испитување во 19 општини (рурални - со седиште на општината во село и урбани, со седиште на општината во град) и благодарејќи на добрата соработка со градоначалниците, испитувањето покажа една разноликост на децентрализациските состојби во Македонија. Методологијата којашто се користеше опфати испитување на фокусни групи и граѓани по случаен избор. По извршеното испитување во целните општини резултатите беа сумирани и анализирани.

Во исто време, експертскиот тим работеше на текстот на прирачникот кој всушност претставува пресликување на сите закони кои се однесуваат на правата и должностите на граѓаните и општината. Сето ова заедно со најдобрите практики од Велика Британија доведе до создавање на прирачникот „Јас и мојата општина". Предлог-верзијата беше доставена до општините во кои се спроведе испитувањето по што голем дел од нив со пофалби се изјаснија за сето она што е опфатено со прирачникот. Проектот резултира со активно и добро информирано граѓанство, подготвено и волно да учествува во процесот на донесување одлуки во нивните општини, како и подигање на свеста на локалните власти за заедничките проблеми со кои граѓаните се среќаваат кога соработуваат со локалните власти. Веруваме дека прирачникот ќе успее да им ја приближи децентрализацијата на граѓаните, бидејќи локалната демократија е нова локална димензија клучна во интеграцијата во ЕУ и НАТО.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРИРАН РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ПРОМОЦИЈА И ПРЕНЕСУВАЊЕ МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Цел на проектот:** Јавна промоција на методологијата на ЦОР „Алка". Градење на капацитетите на општествените чинители во локалниот развој. Активно да ја практицираат методологијата на ЦОР „Алка".

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р.Македонија

**Носител на проектот:** ЦОР „Алка"

**Вклучени организации:** 4 плански региони

**Хумани ресурси:** 9 (четири од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** јануари 2009 – септември 2009

**Расходи на проектот:** 8.700.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со овој проект во Прирачникот ги презентираме резултатите од имплементираните програми на ЦОР „Алка" постигнати со користење партиципативен пристап во соработката. Целта на овој проект е да се направи јавна промоција на партиципативната методологија користена од страна на ЗОРС „Алка". На тој начин, им се дава можност на активните учесници во локалниот развој на користење на истата во својата работа и меѓусебната соработка. Исто така, самата публикација на прирачникот и неговата промоција ќе овозможи развој на јавна сопственост на користената методологија и алатките. Можноста за понатамошно користење на оваа методологија којашто е производ на повеќегодишна практична работа и постигнатите позитивни резултати со користење на истата, претставува вреден придонес кон идниот развој на нашата држава, и тоа на локално и регионално ниво. Прирачникот е наменет за користење на сите заинтересирани страни вклучени во локалниот и регионалниот развој. Конкретно, единици на локалната самоуправа, урбани и месни заедници, поединци и групи во заедниците, како и невладини организации кои работат во областите рурален развој, децентрализација, земјоделство, екологија и заштита на човековите права.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### КРЕИРАЊЕ БАЗА НА ПОДАТОЦИ НА ЛИЦА, ИНСТИТУЦИИ, АСОЦИЈАЦИИ И ПРАВНИ СУБЈЕКТИ СО КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Цел на проектот:** Приближување на податоците за ИПАРД до потенцијалните апликанти.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** ЦеПроСард

**Вклучени организации:** ГРМ Интернационал - МААСП Проект

**Хумани ресурси:** 4 (еден од нив бил волонтер)

**Целна група:** претприемачи, фармери

**Активности што се спровеле со проектот:** обука

**Период на спроведување:** јули 2008 – септември 2010

**Расходи на проектот:** 1.221.750 МКД

**Донатори на проектот:** МААСПЖ

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Базата е достапна на интернет-страницата на ЦеПроСард и има за цел да ги приближи и насочи информациите до корисниците за начинот на аплицирање за средствата од ИПАРД, потребната документација, видот консултанти кои им се потребни во процесот на аплицирање и да понуди избор на потенцијални добавувачи на опрема за секоја прифатлива инвестиција.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ОТКРИВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКОТО НАСЛЕДСТВО ВО МАРИОВО

**Цел на проектот:** Да се подигне свеста во европските граѓани и институции и на локалните и националните авторитети и пошироката јавност за вредното природно и културно наследство на регионот.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Прилеп, Кавадарци, Новаци

**Носител на проектот:** ЦеПроСард

**Вклучени организации:** општина Прилеп, Кавадарци, Новаци

**Хумани ресурси:** 20 (еден од нив бил волонтер)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** информации

**Период на спроведување:** август 2009 – декември 2009

**Расходи на проектот:** 637.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Подигање на свеста за природното и културното наследство на регионот и пренесување на идните генерации во неговата автентична состојба како значаен елемент на националниот идентитет. Проектот придонесе за зголемување на атрактивноста на Мариово и неговите села, како и за отворање дијалог помеѓу европските и македонските институции на сите нивоа за неопходноста за зачувување на архитектонското наследство. На крајот беше издадена публикација и истата беше промовирана.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОМОТИВНА КАМПАЊА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОИЕ, ЕЕ И ОДРЖЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

**Цел на проектот:** Подигнување на свеста и подобрување на знаењето за влијанието на животната средина и економската ефикасност во искористувањето на ОИЕ во земјоделството, како и заштеда на енергија и ЕЕ во руралните средини во РМ.

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** ЦеПроСард

**Вклучени организации:**

**Хумани ресурси:** 12 (двајца од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации

**Период на спроведување:** мај 2009 – март 2010

**Расходи на проектот:** 992.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Со имплементацијата на овој проект се поврзаа корисниците и владините институции кои обезбедуваат поддршка во овие области и се обезбедија основни информации за прилагодување кон климатските примени и руралниот развој. Беа организирани пет промотивни сесии во рурални средини на кои присуствуваа земјоделци и нивни организации, како и локалната власт која се занимава со заштита на животната средина и локален развој. Беше подготвен и дистрибуиран едукативен материјал - брошура.

## ➲ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

### ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА РМ - АГРОЕНЕРГИЈА

**Цел на проектот:** Истражување на расположливоста на ресурси за обновливи извори на енергија во РМ за мали инвестиции, како и препораки за нивно правилно искористување, преку воведување нови современи технологии за производство, како и заштита на енергија (ЕЕ).

**Локација, регион во кој се спроведува проектот:** Р. Македонија

**Носител на проектот:** ЦеПроСард

**Вклучени организации:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Хумани ресурси:** 70 (двајца од нив биле волонтери)

**Целна група:** општа, фармери

**Активности што се спровеле со проектот:** обука, информации, истражување

**Период на спроведување:** декември 2008 – февруари 2010

**Расходи на проектот:** 2.810.000 МКД

**Донатори на проектот:** /

## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

Проектот Агроенергија опфати истражување на расположливоста на ресурси за обновливи извори на енергија во РМ поволни за мали инвестиции. Проектот се спроведува во две фази, фаза на истражување и фаза на спроведување. Во првата фаза беше креирана мрежа на субјекти активни во областа на ЕЕ и ОИЕ. Така беа изработени и 12 студии во кои има анализа и препораки за правилно искористување на ОИЕ и ЕЕ преку воведување нови современи технологии за производство и заштеда на енергија преку промоција на принципите на ЕЕ.

# СОДРЖИНА

## ➲ДРЖАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ/ИНСТИТУЦИИ


Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството ........ 8
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ........ 10
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Земјоделски факултет, Катедра за заштита на растенијата и животната средина ........ 11


## ➲ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ


Бело стадо ........ 14
Глобален еколошки фонд – Програма за мали грантови за Македонија ........ 15
Движење за околината Молика ........ 16
Еколошко друштво Брица – Берово ........ 17
ЗГ Кукла Градина ........ 18
ЗГ Семак – Новаци ........ 19
Здружени на жените земјоделки – „Агро-винка“ ........ 20
Здружение на жените ткајачки Серафим – Берово ........ 21
Здружение на земјоделските производители „Агро-еко“ С. Бориево, Босилово ........ 22
Здружение на земјоделските производители „Агропродукт“ Штип ........ 23
Здружение на земјоделските производители „Агросојуз“ Василево ........ 24
Здружение на земјоделските производители Еко Продукт – Моноспитово ........ 25
Здружение на одгледувачите на овци „Шарпланинец“ – Тетово ........ 26
Здружение на производителите и потрошувачите на органски производи „Овчеполски Еко производи“ ........ 27
Здружение на производителите на еколошко овошје „Јапонско јаболко“ – Валандово ........ 28
Здружение на пчеларите „Млеч“ Струмица ........ 29
Здружение на сточарите „Фармер“ – Прилеп ........ 30
Здружение на угостителите, туристичките работници и занаетчиите – Напредок ........ 31
Здружение на фармерите одгледувачи на свињи „Еко пиг“ – Свети Николе ........ 32
Меѓународен центар за меѓународна соработка ........ 33
Македонска развојна фондација за претпријатија ........ 35
Мрежа за рурален развој на Република Македонија ........ 36
Организација на жените Цвет ........ 38
Паланечки Еко Компир ........ 39
ПЗ „Малешевска пчела – Берово“ – Берово ........ 40
Пчеларско друштво „Матица“ ........ 41
Пчеларско здружение „Охрид“ ........ 42
Пчеларско здружение „Полог“- Гостивар ........ 43
Регионална развојна агенција на Пелагонија – Преда ........ 44
Регионално туристичко здружение Еко Осоговија ........ 45
Холандска организација за развој, ХАГ, Холандија, подружница во Македонија СНВ ........ 46
Тутунско градинарско здружение „Ориентал“ – Кривогаштани ........ 47
Фондација „Евро центар“ – Свети Николе ........ 48

Фондација Слоу Фуд Конвивиум Шарпланински – Маврово Ростуше ........ 49
Центар за одржлив развој „Алка“ ........ 50
Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, ЦЕПРОСАРД ........ 51

## ➲ПРОЕКТИ

Зајакнување на институционални капацитети, АПРЗ ........ 54
Информирање и односи со јавноста, АПРЗ ........ 54
Обука и едукација – неформално образование, АПРЗ ........ 55
Поврзување на чинители во руралните средини за подобрување на економскиот развој на заедницата, АПРЗ ........ 56
Систем за надгледување фарма и воспоставување мрежа за сметководни податоци од ЗС (ФАДН), АПРЗ ........ 56
Спроведување владини мерки и програми, АПРЗ ........ 57
Стручни советодавни услуги во земјоделството според специјалности, АПРЗ ........ 58
Агбиз програма на УСАИД, АПРЗ ........ 58
Младински камп Пелистер 2010, Движење за околината „Молика“ ........ 59
Интервентни мерки за санирање дел од последиците од глобалната криза во земјоделскиот и руралниот развој, АГБИЗ ........ 60
Реализација на едукативно – информативна работилница за земјоделците од регионот Овче Поле. Набавка на персонални компјутери, Евроцентар ........ 60
Цврст отпад – наша грижа, ЕД „Брица“ ........ 61
Македонски традиционални ракотворби – поддршка на жените од руралната средина, Здру-жени на жени земјоделци „Агро – Винка“ ........ 61
Унапредување на овчарското производство со најсовремени зоотехнички мерки со совршена технологија за создавање нови раси на овци, Здружение на одгледувачи на овци – Шарпланинец, Тетово ........ 62
Овчеполски еко чифлик, ЗЗ Деметра, ЗППОП „Овчеполски производи“ ........ 62
Кооператива за заедничка набавка на репроматеријали и пласман на земјоделските производи со посебен акцент на пласман на овчо млеко, ЗЗ Деметра, ЗППОП „Овчеполски производи“ ........ 63
Едукација на земјоделски производители, ЗЗП, Агросојуз, Василево ........ 63
Имплементација на стандарди на квалитет на храна и остварување економско – технички придобивки , ЗЗП, „Агропродукт“ ........ 64
Подобар квалитет на млеко, поголем профит на фарма, ЗЗП „Агропродукт“ ........ 64
Форуми во заедницата, МЦМС ........ 65
Реновирање на училишта во руралните заедници, МЦМС ........ 65
Реновирање на основни училишта во руралните заедници, МЦМС ........ 66
Форуми во заедниците, Аеродром, Берово, Радовиш и Конче, МЦМС ........ 66
Кампања за јакнење на јавна свест за водоснабдување, МЦМС ........ 67
Модернизација на руралните заедници, МЦМС ........ 68
Иницијативи во руралните заедници во Прилеп, МЦМС, општина Прилеп, ФПР- Прилеп и месните заедници на територија на општина Прилеп ........ 68
Техничка документација за санитација во општина Долнени, МЦМС ........ 69
Реновирање на основно училиште во с. Добрушево, МЦМС ........ 69
Реновирање на основно училиште во с. Долно Количани, МЦМС ........ 70

Санација на штети од поплави на ОУ во општина Конче, МЦМС, општина Конче ..... 70
Стекнување искуства од позитивните иницијативи и проекти во руралните заедници, МЦМС, ЗЕЛС и АФПЗЗР ..... 71
Градење на капацитети на локална самоуправа, МЦМС ..... 71
Студиска посета на Словенија за ИПАРД, МРФП ..... 72
Организации на производителите, МРФП ..... 72
Чистење на коритото на Струмичка река и Моноспитовските одводни канали, МЗШВ, ЦОР Алка Скопје ..... 73
Заштита и зголемување на автохтоната домашна раса овци праменка во Малешевско – Пијанечкиот регион, „Нов живот“ (Штип), „Аронија“ (Делчево), Центар за култура и информации „Равен“ (Пехчево) ..... 74
Вработување по пат на обука за занаети и рачни изработки, ОЖ „Цвет“ ..... 74
Асфалтирање на пат до излетничко место „Дабот“ с.Бели, општина Кочани ..... 75
Изградба на хлорна станица „Дебреште“ за општините Долнени, Кривогаштани и Крушево во Пелагонискиот регион, ПРЕДА ..... 75
Искористување на регионалните потенцијали за развој на туризмот, ПРЕДА ..... 75
Промоција на пиперката како конкурентна култура во Пелагонскиот регион, ПРЕДА ..... 76
Мариово низ боите на природата, „Семак“ ..... 76
Обука на жени за изработка на предмети од волна со филц – техника, „Серафим“ ..... 77
Со здрава храна до здрав живот, ТГЗ Ориентал, Кривогаштани ..... 77
Подобрување на сознанијата кај примарните земјоделски производители и единиците на локалната самоуправа за можностите за рурален развој, добра земјоделска пракса и стандарди во земјоделското производство, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет, Катедра за заштита на растенијата и животната средина ..... 78
Поддршка на јакнење на капацитети за анализа и креирање политика во процес на евроинтеграции на земјите од Југоисточна Европа, ФАО ..... 78
Програма за интегриран развој на руралните заедници, ЦОР „Алка“ ..... 79
Поддршка на процесот на децентрализација во Република Македонија, ЦОР „Алка“ ..... 80
Програма „Форуми во заедниците“, ЦОР „Алка“80
Програма за интегриран рурален развој – земјоделство и заштита на животната средина, ЦОР „Алка“ ..... 81
Промоција на процесот на децентрализација близок до граѓаните преку примена на најдобрите британски практики, ЦОР „Алка“ ..... 82
Програма за интегриран рурален развој – промоција и пренесување методологија за рурален развој, ЦОР „Алка“ ..... 83
Креирање база на податоци на лица, институции, асоцијации и правни субјекти со компетенции во областа на руралниот развој , ЦеПроСард ..... 83
Откривање на архитектонско наследство во Мариово, ЦеПроСард ..... 84
Промотивна кампања за користење на ОИЕ, ЕЕ и одржливи земјоделски практики за руралните средини, ЦеПроСард ..... 84
Промоција на одржливи земјоделски практики, енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија во руралните заедници на РМ – агроенергија, ЦеПроСард ..... 85

